# Генерален опис за реализација на задачите за Експерти – Тип Б (поранешни општински советници) за Модулите

**Модул 1: „Општинско добро управување**

**Модул 3: „Подготовка на општински буџети, усвојување и извршување“**

**Модул 6: „Финансиска контрола и ревизија“**

**Проект**

**„Зајакнување на општинските совети – фаза 2 (Empowering Municipal Councils – Phase 2)“, финансиран од Швајцарската влада, Министерство за локална самоуправа а ко-финансиран и спроведуван од Програмата за развој на Обединети Нации – УНДП**

Март 2026

**Позадина**

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија (ЗФР), учествува во спроведување на активности од проектот „Зајакнување на општинските совети – фаза 2 (Empowering Municipal Councils – Phase 2)", финансиран од Швајцарската влада, Министерство за локална самоуправа, а ко-финансиран и спроведуван од Програмата за развој на Обединети Нации – УНДП.

Проектот има за цел да се продолжат претходно започнатите активности за зајакнување на општините преку зајакнати општински совети, кои се способни ефективно да ги исполнат нивните зададени улоги на претставување, надзор и почитување на општинската легислатива, со вклучување на активни граѓани.

Здружението на финансиски работници ја спроведување програмата за развој на капацитетите на општините и ќе придонесе за поширока употреба на алатките за учење од општинските советници, општинската администрација и градоначалниците. Дополнително, ЗФР им обезбедува експертска поддршка на општините во процесите на набавки поврзани со грантовите за проекти од јавен интерес на локалните заедници.

Активностите на ЗФР и ангажираните експерти се фокусирани на спроведувањето на активноста 1: Надградба и испорачување на програма за развој на капацитетите, која е дел од првиот проектен исход.

**Очекувани исходи и резултати од проектот**

Втората фаза на проектот „Зајакнување на општинските совети" е структурирана околу следните исходи:

Исход 1: Системски и одржливо подобрено работење на општинските совети, зајакнат и подобрен систем на локално управување

Исход 2: Учеството на граѓаните е зајакнато за да се задржи локалната демократија и да се подобри квалитетот на живот за жените и мажите

Исход 3: Подобрени општински услуги преку подигнување на технологијата и иновациите

**Генерален опис на задачите и одговорностите на Експертите Тип Б**

За спроведување на дел од проектните активности, ЗФР има потреба од дополнување на референтната листа со по еден Експерт Тип Б (поранешен општински советник) за следните модули:

1. **Модул 1 – Општинско добро управување**

Експертот треба да учествува во одржување обуки во училница заедно со Експертот Тип А - експерти од научната фела, слободни експерти.

Обуките за Модул 1 ќе се одвиваат во траење од 1 ден (максимум 4 сесии) и ќе бидат комбинирани со обуките за Модул 2 – Борба против корупција (Fighting corruption).

2. **Модул 3 – „Подготовка на општински буџети, усвојување и извршување“**

Експертот треба да учествува во Одржување обуки во училница заедно со Експертот Тип А - експерти од научната фела, слободни експерти

Обуките за Модул 3 ќе се одвива во траење од 2 дена (максимум 7 - 8 сесии).

3. **Модул 6 – „Финансиска контрола и ревизија“**

Експертот треба да учествува во Одржување обуки во училница заедно со Експертот Тип А - експерти од научната фела, слободни експерти

Обуките за Модул 6 ќе се одвива во траење од 2 дена (максимум 7 - 8 сесии)

**Дополнителни информации**

По изборот на експерти ќе биде комплетирана референтната листа на експерти.

Здружението на финансиските работнци ќе склучи рамковен договор со избраниот експерт, во кој ќе ги опфати улогите и активностите кои се погоре опишани за целото траење на фазата на спроведување на проектот.

Пред секоја серија обуки, Здружението на финансиските работнци ќе достави информација за општините опфатени со обуката и бројот на учесници кои се поканети на обуката. На обуките се очекува учество на советници, вработени во општините и градоначалници.

Извештаи за реализација на активностите – За секој ангажман, експертот треба да подготви: Извештај за ангажман (Time sheet), со наведување на точен број на денови во месецот во кој бил ангажиран. По спроведувањето на секоја обуките, експертот треба да подготви Извештај за одржаната обука на формулари кои ќе бидат доставени од ЗФР.